ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 7790/5
Датум:25.11.2021
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за безбедност и обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на вршење на видеонадзор

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршењето на видеонадзор во службените простории на Општина Карпош (вонатамошниот текст: општината) во својство на контролор, техничките и организациските мерки кои општината ги применува за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршењето на видеонадзор, рокот и начинот на чување на записите од видеонадзорот и начинот на бришење на видеозаписите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видеонадзор.

## II.ЦЕЛИ НА ВИДЕОНАДЗОРОТ

### Член 2

Преку системот на видеонадзор во општината се обезбедува заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита над сопственоста на општината, заштита на животот и здравјето на вработените и обезбедување и контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории.

## III.ОПИС НА СИСТЕМОТ ЗА ВРШЕЊЕ ВЕДЕОНАДЗОР

### Член 3

Видеонадзорот во општината се врши преку 3 (три) видеокамери, една поставена на влезот во Барака 1, втора на влез во Барака 2 и трета на влез од општината лоциран во ООУ "Лазо Трповски". Сите камери вршат постојано снимање на просторот. Видеозаписисте се складираат на хард диск.

## IV.ПЕРИОДИЧНА ОЦЕНКА

**Член 4**

(1)Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична оценка на постигнатите резулати од системот за вршење на видеонадзор на секои 2 години.
(2)Периодичната контрола од став 1 на овој член се однесува особено на:
-понатамошна потреба од користењето на системот за вршење на видеонадзор
-целта, односно целите за вршење на видеонадзор
-можни технички решенија за замена на системот за видеонадзор
-статистички показатели за пристапот до снимките направени од видеонадзорот
-начин на користење на снимките
За извршената периодична оценка од став 1 на овој член, офицерот за заштита на личните податоци изработува извештај.

## V.КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ

**Член 5**

Преку системот за видеонадзор во Општина Карпош се обработуваат следните категории на лични податоци :
-физички и физиолошки изглед на вработените
-физички и физиолошки изглед на странките и другите посетители кои влегуваат и излегуваат од службените простории на општината

## VI.ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

### VI.1.Технички мерки

**Член 6**

Општина Карпош ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор:
1.единствено корисничко име
2.лозинка креирана од секое овластено лице
3.корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видеонадзор
4.инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера ("фајервол") или рутер помеѓу системот за видеонадзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

5.ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови.

**VI.2.Организациски мерки**

Член 7

Општина Карпош ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видеонадзор:

1.ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видеонадзор, така што само овластени лица од општината може да имаат пристап до системот.

2.секое лице има ограничен пристап до системот за видеонадзор во однос на симнување, гледање и снимање на видеозаписите за што добива писмено овластување

3.уништување на видеозаписите по истекот на законскиот рок од 30 (триесет)дена за нивно чување и почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за видеонадзор.

4.мерки за физичка сигурност на просториите

5.почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видеонадзор

Овластувањето од точка 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволен пристап до системот за видеонадзор.

## VII.ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПРИСТАПОТ И УВИДОТ

Член 8

Општината води евиденција за пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор.

Евиденцијата од став 1 од овој член ги содржи следните податоци:

-реден број

-име и презиме на овластенотолице

-датум и време на пристапување до системот за видеонадзор

-цел за пристапување до системот за видеонадзор

-датум и час на направената снимка до која се пристапува

-датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот

-запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем

## VIII.ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ СИСТЕМОТ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕОНАДЗОР

**Член 9**

(1)Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор во Општина Карпош може да има администраторот на системот/одговорно лице за вршење на видеонадзор или лице од редот на вработените во администрацијата на Општина Карпош кое со посебен акт е овластено од Градоначалникот и да го одржува системот за видеонадзор и да има пристап до архивата на снимениот материјал (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видеонадзор.
(2)Со посебен детално образложен акт Градоначалникот може да овласти и друго лице за пристап до архивата на снимениот материјал (записи) и во централната компјутерска единица (компјутер) за видеонадзор, согласно закон.
(3)Овластените лица од ставот 1 и 2 на овој член, пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за видеонадзор на општината, своерачно потпишуваат Изјава за за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор

## IX.РОК НА ЧУВАЊЕ НА СНИМКИТЕ И ПРЕГЛЕДУВАЊЕ НА СНИМЕН МАТЕРИЈАЛ

**Член 10**

(1)Снимките направени од видеонадзорот се чуваат на хард диск, каде што пристап имаат само администраторот на системот/одговорното лице за видеонадзор или друго овластено лице од во смисла на член 9, став 1 и 2 на овој правилник
(2)Снимките од став 1 на овој член се чуваат 30 (триесет) дена, а по истекот на тој рок автоматски се бришат од харддискот на кој се чуваат
(3)Снимките од видеонадзорот на општината може да се чуваат и подолг временски период од периодот од став 2 на овој член, само ако то е потребно согласно закон, но не подолго од исполнувањето на целите

**Член 11**

Прегледување на снимениот материјал (записи) во централната компјутерска единица (компјутер) за видеонадзор и увид во архивата може да се врши само врз основа на писмено одобрение од Градоначалникот кое е рачно отпишано и заверено во архива со архивски број и тоа од Министерство за внатрешни работи и други надлежни органи по поднесување на писмено барање до Општина Карпош. Во барањето задолжително се наведува причината и законскиот основ заради кои се бара прегледувањето на снимениот материјал

## X.ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР

**Член 12**

На видливи места, на главниот влез и на споредните влезови на објектот во кој се наоѓаат службените простории на општината се истакнува известување за вршење на видеонадзор, во кое се содржани информациите дека се врши видеонадзор, од страна на општината, за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзор.

## XI.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

При обработката на личните податоци преку системот за видеонадзор соодветно ќе се применуваат и другите одредби од Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на лични податоци.

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ